**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и првата седница на Собранието на**

**Република Македонија, одржана на 7 мај 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Георгиев, Трифун Костовски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Никола Груевски, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски и Гзим Острени, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница на Собранието.

Ве молам да притиснете по едно копче од системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутни пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници од вкупниот број пратеници и Собранието може полноправно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Народниот правобранител, директорот на Агенцијата на Република Македонија за приватизација.

Записниците од 19-та и 20-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 19-та и 20-та седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на избори и именувања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на

презентирани видеоматеријали и други податоци од ВМРО-ДПМНЕ и на целокупните видеоматеријали и други податоци и службени документи од испрашувањето на Петрит Аме со кои располага МВР.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам претседателот на Комисијата да ја образложи итната и неодложна потреба, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница.

Има збор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Откако пратеничката груа на ДПА реши да не присуствува во работата на Парламентот и комисиите, се појави еден диспаритет во бројот на членовите на Анкетната комисија која на минатата седница ја избравме. Имено, позицијата има тројца а опозицијата има двајца членови.

На молба на предлагачот, т.е. опозицијата а во согласност со координаторите на другите пратенички групи, Комисијата го поднесе овој предлог за изменување на членот и додавање на нов член во Комисијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 73 пратеници. 72 пратеници гласале за и 1 воздржан.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност, со Предлог на закон, Собранието да ги разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Во меѓувреме претставникот на Владата се согласи законите да одат во редовна процедура на наредната седница.

Владата исто така достави Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со предлог Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница, а претставникот на Владата ме извести дека Владата се согласува да одат во редовна процедура на наредната седница.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

**Дневен ред:**

1. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија;

2. Избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за помилување, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за републичките награди, со Предлог на закон;

6. Нацрт на закон за судскиот буџет;

7. Предлог за донесување на закон за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемаштвото;

8. Предлог за донесување на закон за азил;

9. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје ИИ-Скопје, Дебар, Кавадарци, Охрид, Неготино и Струга;

10. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

11. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово;

12. Предлог за разрешување судија на Основниот суд во Дебар;

13. Извештај за работата на Народниот правобранител за 2002 година;

14. Извештај на Агенцијата на Република Македонија за приватизација за работењето и користење на средства во 2002 година;

15. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Анкетна комисија за испитување на презентираните видеоматеријали и други податоци од ВМРО-ДПМНЕ и на целокупните видеоматеријали и други податоци и службени документи од испрашувањето на Петрит Аме, со кои располага МВР.

Дали ма предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван господин претседателе, почитувани колеги,

Врз основа на член 191 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија од Владата на Република Македонија побарав информација за состојбите во врска со поплавите во тетовските села и населени места, предизвикани од изливот на реката Вардар, Лешочката река, реката Бистрица, Палчишката река и од насипите и изливите од поројската река, како и мерките и активностите што Владата ги превзема за отстранување и ублажување на состојбите.

Поради алармантноста на проблемот и она што се заканува да се случи во наредните денови, би побарал од Владата, бидејќи таквиот предлог веќе е доставен во писмена форма и одделни мерки веќе се преземени, Владата под итно да ни достави информација, како пратениците во ова Собрание и јавноста во Република Македонија би имале непосреден увид и да се знае кои конкретни мерки се превземаат, повторувам, поради алармантноста на потребите.

Бидејќи таквата информација до почетокот на оваа седница не ни е доставена, предлагам или да се расправа како посебна точка од дневниот ред, или од таквата информација да се произнесеме на првата наредна седница на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Томиќ, колку што разбрав имате поднесено писмено барање до Владата. Со оглед што имате писмено барање поднесено, а материјал немаме добиено, предлагам Владата на наредната седница да достави информација и да ја уврстиме во дневниот ред.

Дали се согласувате?

ЗОРАН ТОМИЌ:

(Да).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Љубисав Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Јас исто така барам, ако може Владата за оваа седница, ако трае два дена, да достави информација во врска со големата суша што ја зафати Македонија, а која посебно се одразува на земјоделското производство, што мисли да преземе за

ублажување на оваа тешка состојба која практично го зафати целокупното население кое се занимава со земјоделие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го давам истиот предлог, како и за господинот Томиќ. Вашето барање ќе го доставиме до Владата. Со оглед на тоа што според Деловникот немаме материјал, на првата наредна седница, ако Владата достави информација, ќе ја уврстиме на дневен ред.

Има збор господин Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Слично како претходните колеги, господинот Томиќ и господинот Иванов, јас со колешката Лилјана Ивановска побаравме писмена информација од Владата за состојбите во Телеком, односно монополското однесување и монополското дивеење на Телеком.

Со оглед на тоа што денес не ја добивме таа информација, јас заедно со барателот на информацијата, колешката Ивановска, бараме најдоцна до наредната седница на Собранието, Владата да ја достави таа информација и Собранието да ја разгледа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи остануваме на тоа, по добивањето на информацијата, да ја вклучиме во дневниот ред на наредната седница. Значи ќе ја ставиме на дневен ред ако Владата ја достави, меѓутоа на барање на пратеник.

Има збор пратеникот Кирил Гештаковски.

КИРИЛ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Јас само би се надоврзал на оние колеги кои бараа да се расправа на наредната седница за проблемите од областа на аграрот.

Дали може на таа иста седница, во таа иста точка да се расправа и за направените штети кои се огромни и кои ги нанесе годинашниот мраз во Република Македонија на сите раноградинарски култури и сите овоштарски култури.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги молам сите што бараа информации, да побараат информации и откако ќе ги добијат од Владата да побараат да се внесат на дневен ред. Прејудицирање дека ќе се бара, па ќе се добие од Владата и да се стави на дневен ред, нема потреба затоа што за тоа има процедура.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Со оглед на тоа што денес воспоставивме таква практика, најавуваме усмени бсарања по однос на информации за наредната седница, па еве и јас би го искористил правото, ако ми допуштите, се разбира.

Деновиве, почитуван претседателе, почитувани колеги, јавноста во Република Македонија особено е заинтересирана за последните најави за отпуштање поголем број на работници односно вработени во јавните претпријатија, особено во Електростопанство на Република Македонија, така што јавноста се повеќе е бомбардирана со одредени податоци и бројки, наводно во зависност од аранжманот со ММФ, па се спомнува бројка од 1100 вработени во Електростопанство кои треба да бидат отпуштени и тн. и да не ги редам сега и другите јавни претпријатија.

Јас би побарал, преку вас, се разбира, почитуван претседателе, Владата да ни достави, што е можно поскоро, а евентуално за наредната седница, една информација, во смисла на тоа, што таа планира, колкав број на работници планира да отпушти и по кои критериуми тоа би го направила, до колку тоа, се разбира, е вистина. И би ве замолил претседателе, нормално да и сугерирате на Владата ако може за наредната седница да имаме една таква информација по која, нормално би можле да се вклучиме во една дискусија и да се извлече еден заклучок.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Барањето е за наредната седница, да не го повторувам истото.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 88 пратеници, 85 за, и 3 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да продолжиме со работа, имате доставено барање и до вас, од Владата на Република Македонија, точките 1. Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, точката 3. Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за внатрешни работи, со Предлог на закон и точката 8. Предлог за донесување на закон за азил, да ги гледаме во попладневната сесија, заради обврски на предлагачот во врска со прослава на денот на безбедносните сили.

Предлагам да го уважиме тоа барање. Во 15 часот ќе продолжиме по тие точки, а во меѓувреме ќе работиме по точките, без нив, по редоследот како што ни се дадени.

Минуваме на **втората точка - Избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија**

Ги молам службите да го известат Кабинетот на претседателот на Република Македонија дека за неговиот предлог нема претставник на предлагачот. Или да си дојде господинот Трајковски како предлагач, или да определи претставник на предлагачот за неговите предлози.

Предлозите за избор на судии на Уставниот суд ви се доставени, односно поделени.

Согласно амандманот 15 од Уставот на Република Македонија и член 110 од Деловникот на Собранието, Собранието избира судии на Уставниот суд на Република Македонија од кои 2 судии на предлог на претседателот на Република Македонија, 2 судии на предлог на Републичкиот судски совет и 5 судии на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Собранието избира 6 судии на Уставниот суд со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Собранието избира 3 судии со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Веќе знаете дека 35 пратеници се изјасниле дека припаѓаат на заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија. Значи мнозинството е 61 и 18.

Комисијата за прашања на избори и именувања, предлага од петте кандидати за судии на Уставниот суд на Република Македонија, тројца да бидат избрани со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, а двајца со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број

пратеници кои припаѓаат на заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Минуваме на избор на тројца судии кои се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Изборот се врши поединечно. Така и ќе ја водиме дебатата.

Отворам претрес по предлогот Лилјана Инголизова-Ристова да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Процедурално, како координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, господине претседателе јас би сакал да имаме општ претрес во кој нашата пратеничка група би ги изнела нашите ставови во врска со предлагањето на кандидати за судии на Уставниот суд на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За жал изборот на судиите се врши поединечно за секој и неможеме да водиме општ претрес. И механизмите се различни, и предлагачите се различни.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Добро, во целина за вкуните предлози.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници во досегашната работа на овој состав на Парламентот, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ констатира дека при обидот да се измени Законот за Републички судски совет, како и при предлагањето на кандидати за јавно обвинителство на Република Македонија и сега при предлагање на кандидати за состав на Уставниот суд на Република Македонија, волјата на политиката доминира над правото и целокупниот правен систем во Република Македонија се подведува во функција на одделен политички интерес. Од тие причини, не навлегувајќи во квалитетите на секоја одделна личност што е предложена за кандидат за Уставен суд на Република Македонија, принципиелно оценуваме дека ниту еден кандидат кој е предложен од опозицијата не е застапен на овие листи ниту од Парламентот на Република Македонија, ниту од претседателот

на државата ниту пак од Републичкиот судски совет. Од тие причини нашата пратеничка група нема да учествува во расправата за избор на кандидатите на Уставниот суд на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збнор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Бидејќи се искажа еден став на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со кој мислам дека вистинските работи не се кажани така како што се случија.

Имено, не е точно дека политичката волја е над волјата на правото, бидејќи, како претседател на Комисијата за избори и именувања настојував до крај, стручноста и компетентноста на предложените членови за Уставниот суд, да бидат испочитувани.

Бидејќи бевме свесни за тежината на оваа институција се почнаа консултации многу порано со координаторите на пратеничките групи, значи можеби пред два месеци уште во февруари, март месец и се направија два состанока на кои што се донесе став да се предложат кандидати кои што ќе ги исполнуваат условите достојни за да бидат членови на Уставниот суд. Со една таква констатација сите се сложивме. И после тоа чекавме до 7 април беше рокот да се предложат членовите. Но, за разлика од пратеничките групи кои што се во позиција, мислам дека опозицијата не ја свати суштинската разлика помеѓу предлог, практички предлог, или ако сакате во крајна инстанца партиски предлог, бидејќи зад секоја пратеничка група стои сепак и некоја партија и решение, односно партиско решение. Основниот проблем кој што настана на Комисијата за избори и именување е околу разбирање на тие два поима: предлог и решение. Јас лично сметав, а и мнозинството на Комисијата за избори и именувања дека пратеничката група на ВРМО го направи она заради што сега тие даваат приговор. Дадоа партиски решенија, а не дадоа партиски предлог. И покрај тоа што од моја страна беше замолено да дадат некој друг предлог за да можеме да го ставиме и заеднички да имаме консензус, тие останаа на нивните предлози. Јас не би сакал сега да ги читам, бидејќи се познати во јавноста кои се нивните предлози, но сметам дека и јавноста и самите членови на парламентот можат да донесат оценка какви се тие предлози. Од тој аспект не го

прифаќам приговорот дека е политички инструментализирана Комисијата за избори и именувања и се дадени политички решенија за уставниот суд.

ГОРГИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас навистина верувам дека претседателот на Комисијата се обидел што е можно најкоректно да ги изврши своите обврски кои ги има к ако претседател на Комисијата, но исто така, сакам да истакнам дека тој немал воопшто никаква слобода околу кандидатите кои се дојдени пред Комисијата во врска со именување во Уставниот суд на РМ. И тука конкретно би сакал да потенцирам, беше спомнат терминот стручност.

Уште еднаш ќе ве потседам дека еден од кандидатите Иџет Мемети е под истрага. Во пет до шест наврати на неговата домашна адреса во Тетово основниот суд Скопје му упатува покана да се јави пред истражен судија, но поканите на неговата домашна адреса се враќаат. Уште еднаш би инсистирал кај надлежните органи да го побараат лицето Иџет Мемети најверојатно во зградата на Владата на Република Македонија каде што тој работи и ден денеска. Значи, со ова сакам да кажам дека апсолутно не може да стане збор за некаква стручност, освен стручност дека г-динот Мемети има кривична пријава за злоупотреба на службена должност, а ние сме сведоци дека врз основа на такво обвинување одредени граѓани на РМ, кои исклучиво се од македонската националност и во најголем број се припадници на ВМРО завршуваат во затвор, еве веќе четири месеци како што е случајот со г-динот Војо Михајловски. Да не спомнувам дека шефот на кабинетот на г-динот Мемети во времето кога бил миниистер за правда, значи и уште едно лице, државнот секретар, дваицата негови најблиски соработници исто така се покажаа стручни и против нив има поднесено кривична пријава токму за истото обвинение, злоупотреба на службена должност, а уште еден е збогатен со злоупотреба, односно со фалсификување на службени документи. Тука навистина стручноста ги обединува овие три лица заради тоа што не се македонци, обвинети се пред органите на прогонот, но како што гледаме оваа Влада не реагира, дури на едно од прашањата кои ги упатил, ми одговорија потврдно, дека, да, тоа е точно и никому ништо. Лицата се на слобода и г-динот Иџет Мемети кој пет до шест пати не можат да го пронајдат куририте во Тетово. Како успеа предлагачот да го пронајде, неговата биографија ја читавме, разговаравме на една од седниците за лицето Иџет Мемети. Јас уште еднаш би апелирал да го побарате во Владата на РМ, па се надевам дека тогаш можеби МВР и Министерството за правда ќе почнат да работат така како што треба,

а не од ден на ден да ни покажуваат дека правниот режим во РМ е селективен, за жал ригорозните мерки и мерките на прогонот важат исклучиво за македонците и за членовите и приврзаниците на ВМРО.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, денеска навистина имаме една важна точка во дневниот ред каде што се разговара за Уставниот суд. Тоа е орган, висока инстанца, судска инстанца каде се одлучува за прашања кои што се во врска со Уставот. Што се однесува на предлозите на кандидатите од страна на Комисијата за избори и именувања јас како член на овој парламент немам ниедна забелешка кон кандидатите кои што се предложени заради тоа што луѓето се и од професионален аспект и во овој правец моите забелешки нема да бидат, туку моите забелешки ќе бидат во друг правец во кој што барам директно правично застапување на албанците во државните институции. Сигурно имало дебати, јавни дебати во јавноста и во медиумите за ова прашање и мислам дека денеска е ред да се рече дека тоа што сакам да го кажам и тоа што сакам да го кажам тука како заеднички интерес на електоратот кој што го претставувам граѓаните воопшто. Заради тоа ако се прави компарација споредба меѓу 2002 година и 1994 година кога се бираа членовите на Уставниот суд, ќе видиме дека воопшто нема никаква измена во фаворизирање на албанската заедница. Ова морам да го кажам заради тоа што ние сите изјавуваме дека имаме политичка волја за подобрување на состојбата, или позицијата, уставната позиција правна и политичка на албанците во РМ. На крај можам слободно да кажам пред јавноста за нерамноправноста на албанците во РМ се случи и конфликтот во 2001 година. И ако сега одиме повторно по старо и ако тој конфликт од 2001 година се карактеризира како конфликт за демократизација на општеството во РМ, тогаш денеска на оваа седница во оваа точка на дневен ред гледаме дека воопшто не е земен во предвид Охридскиот договор кој што е и уставен. И се сложуваме и понатаму да останеме во варијантата, или на ниво на кое што бевме до 1994 година. Во 1994 година Уставниот суд предложи двајца албанци и тие се сеуште во позиција затоа што имаат мандат , се уште има мандат тој Уставен суд. Ние имаме контакти, разговараме со луѓе и многу луѓе го поставуваат и прашањето, а во политиката многу често и наопаку се поставуваат некои прашања.

Дали навистина имавме потреба од конфликт каде се рушеа албанците и нивните куќи, да влеземе во една толкава голема економска криза, а да не ги демократизираме институциите во општеството и натаму да останеме на нивото пред 2001 година, односно на нивото од 1994 година кога Македонија беше во една сосема поинаква ситуација, затоа што сеуште беше несигурно осамостојувањето на Македонија од Србија, од крвавата рака на Милошевиќ итн. Затоа во оваа насока мислам дека сите треба да размислувамем добро соодветно и да размислиме дали навистина го правиме најдоброто и дали одиме во насока на подобрување на меѓуетничките односи во РМ.

Пред неколку дена во овој Парламент поминаа предлозите на обвинителите и нивните заменици, како и на обвинителите исто така во овој случај останавме на ниво на 1997 година, почнувајќи од Републичкото обвинителство до Основните обвинители. Доколку продолжиме на овој начин, верувајте дека нема да биде добро за ниеден од нас тука, туку тоа нема да биде добро ниту за оние кои што ги претставуваме, односно граѓаните на РМ. Затоа мислам дека е време да размислуваме појасно и поразумно, или да кажеме дека рамноправноста на албанците во РМ е за доброто на сите нејзини граѓани независно од нивното етничко потекло. Во оваа насока имам и конкртен предлог и мислам дека тој треба да се поддржи. Треба да се повлечат предлозите, треба уште еднаш да се собереме и навистина да ја разгледаме реалноста и објективноста која постои и тогаш да одиме со предлози. Затоа што не можеме да се согласиме и во 2003 година да се предложи во составот на Уставниот суд да има само двајца албанци, наместо тој да се покачи на тројца. На крајот на краиштета албанците не војуваа со сите средства за демократизација на општеството со цел некој друг да биде предложен наместо нив. Тоа место и припаѓа на албанската заедница, затоа што имаат над 23% од населението.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Вејсели, причини за конфликти има различни, а од денеска можеме да најавиме од ваша страна како е искажано и конфликт заради непознавање на проста математичка операција на влечење на проценти. Инаку, два од девет е точно 22,22%

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине претседател ми се чини дека математиката добро ја знам, а ја знаете и вие. И, математиката е егзактна наука каде што нема грешки и треба да се сложиме сите. Дали сте направиле математика кај обвинителите и нивните заменици? Ако таа математика е 22,9% Јас се согласувам со вас. Ако не е 22,9%, тогаш би рекле дека претставување Охридскиот договор вели три од заедниците, другите заедници кои што не се мнозинство во РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас изгледа згрешив, помислив дека зборувате за Уставниот суд.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал да искажам свое гледање во врска со изборот на судии на Уставниот суд. Впрочем за прв пат судии за Уставен суд се бираат, да кажам задолжително и од заедниците. Досега се бираа по стручност, или по предлог на политичките партии кои што се наоѓаат во позиција. Но, сега очигледно се прави напор и заедниците да бидат застапени и во највисоките домови, највисоките инстанци со свои претставници.

Господинот Љупчо Јордановски претходно кажа дека во Комисијата за избори и именувања се дискутирало и се обидело и од опозицијата да има предлози за судии во Уставен суд. Претходно вие кажавте дека над 30 луѓе се изјаснети од националности во парламентот и мислам дека требаше во тој период кога се избира од националности, а во овој случај имам еден предлог од Турската демократска партија за Зоран Сулејманов како претставник на турците, турската заедница, да бидам консултиран. Јас во тој период бидејќи сум изјаснет како Турчин и ја претставувам турската заедница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас се извинувам, го почитувам тоа што го говорите. Меѓутоа, за Зоран Сулејманов ќе отворам посебна расправа. Сега разговараме за Ингилизова, или во начело.

АДНАН ЌАХИЛ:

Начелно кажав и јас само кажав дека е предложен од турската заедница и по име. И само тоа го кажав. Немам намера да дискутирам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само сакам да ви помогнам. Ако сакате имате право за дискусија се разбира за Сулејманов колку сакате.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ако така сте ме сватиле, се извинувам. Јас само кажав дека е предложен и толку за него. Не сакам повеќе да дискутирам. Веројатно предлагачот ќе си каже зошто го предлага, или зошто не го предлага. Само сакам да констатирам дека јас за тој предлог не сум консултиран. Со мене не е разговарано. И впрочем во минатото кога имаше потреба од такви “стручњаци” за да и помогнат на турската заедница во Уставниот суд и во други инстанци, таквите “стручњаци” никаде ги немаше. Турската заедница заслужува да има свои претставници валидни кои ќе и помагаат на турската заедница во сите можни фази во развојот на демократијата во РМ. Сметам дека со овој предлог не може тоа да се направи, не е направено најдобро можно решение, не се запазени сите можни процедури. Затоа сметам дека јас како претставник на таа заедница нема да гласам за овој предлог. Направен е да кажам, партиски упад, упад на тој начин што ќе видите, ќе дискутирате дека тој учествувал во работата,. во политичката работа на една партија во еден период. И мислам дека ако веќе бираме луѓе кои се непартиски и стручни по вокација, како што се вели при изборот, да бидат истакнати правници можам да ви набележам десетина правници турци од турската заедница и судии кои сигурно повеќе допринеле за турската заедница и би допринеле во иднина за разлика од дотичната личност кој е предложен незнам на кој начин. Затоа јас како претставник на турската заедница нема да гласам за овој предлог, а тој што гласа ќе си ги сноси и позитивните и негативните последици со овој предлог.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика бара од господинот Хасипи.

Дали може и подоцна. (Може)

ТЕУТА АРИФИ:

Се пријавив за реплика на дискусијата од господинот Абдулади Вејсели.

Во прв ред сакам да реплицирам во насока на процентите кои што се почитувани, според мене, во случајот на двајцата кандидати на албанската заедница.

Второ врската со секоја со конфликтот од господинот Абдулади Вејсели не стои, затоа што идеалите на војната од 2001 година не е добро да се претставaт како рутинска работа.

Трето прашање, кое што исто така мислам дека не стои , е кај обвинителите нема потреба да се враќаме на дискусијата за обвинителите, затоа што тука сме постигнале правична застапеност на ниво на Република или на другите нивоа. Според тоа, мислам дека дискусијата на г-динот вејсели не стои и не е на место.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Хасипи, малку ќе почекате, затоа што господинот Вејсели има едн аминута право на контра реплика.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Воопшто не сакам да реплицирам, но сум приморан за правилна информација за јавноста не може да речеме нешто без аргументи. Ако почнеме од крај кај републичките обвинители, самите други обвинители и заменици обвинители, не можам да речам дека воопшто не сме претставени на правичен начин како албанци во Република Македонија . Ќе дадам само неколку примери. Во општината Гостивар во Основниот суд има еден претставник. Во Куманово има еден заменик обвинител и во Тетово тројца заменици обвинители. Ако правиме компарација со 1997 и 2003 година има далечна дистанца и плус имаме конфликт, кој што се карактеризира не само од албанците, граѓаните на Република Македонија , туку и Меѓународната заедница како борба за правата на албанците во Република Македонија . Воопшто не сакам да се враќам назад. Од друга страна не можам да се сложам со тоа дека во 1994 година сме имале двајца кандидати во Уставниот суд, сега повторно да се сложиме да има двајца кандидати, иако нормативните норми од Охридскиот договор односно ако станува збор за албанската заедница, која што е над 20% во Република Македонија .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господин Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Господине претседателе, јас ќе го почитувам Деловникот на Собранието. Ми се чини дека ова премина во начелна расправа за избор на судии, нема, меѓутоа, си

го задржувам правото за господинот за кој стана збор од пратеникот Аднан Ќахил да земам збор кога ќе биде изборот на тој кандидат на дневен ред на Собранието на Република Македонија , бидејки малку мојот извештај ќе бид еподолг, па затоа тогаш ќе го задржам правото на дискусија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарм за пристапот кон дебатата.

Господин Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Јас немав намера да се јавувам, меѓутоа, гледам дека се разви една расправа и сакав многу кратко да кажам . Вие, при изборот на судии на една ваква висока институција, како што е Уставниот суд, па ако сакате и во другите судови, посебно на претседатели на судови, мораме да имаме критериуми, мора тие критериуми да бидат, покрај тоа што мроа да се вградат елементите од Уставот за застапеноста на малцинствата во македонската држава, мора д апостојат критериуми за стручност за моралниот интегритет, за етичноста, за квалитетите на луѓето, за самостојноста во одлучувањето , за времето поминато во судската пракса. Мора да се изградат такви критериуми, затоа што сме сведоци на големи промашувања во претходните периоди на луѓе кои што се избираат и за претседатели на судови кои немаат ни еден ден пракса во судството, па потоа кога судат донесуваат крајно незаконски одлуки, кои што им се враќаат од повисоките судови назад, поради таква нестручност. Јас за тоа ќе зборувам во друга прилика, меѓутоа , би препорачал и на Судскиот совет и на Министерството за правда да се изградат критериуми во однос на изборот на судии, на претседатели на судови од основните, апелационите, Врховниот суд, па до Уставниот суд, за да се изгради едно ниво и една борба за стекнување на такви кавлитети и такви квалификации низ животот преку праксата , преку образованието , преку докажувањето во својата работа и т.н.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Повеќе никој не бара збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Лилјана Ингилизова-Ристова да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија , го ставма на гласање.

Пред да преминеме на гласање, ако има пратеници што се излезени, ги молам да влезат во салата.

Преминуваме на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 66 пратеници и 3 воздржани.

Констатирам дека Лилјана Ингилизова- Ристова е избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија .

Ги молам службите уште еднаш да го повикаат Кабинетот на господинот Трајковски, тој лично или негов претставник, да дојде во салата и да не известат кој е тој претставник за предлозите.

Отворам претрес по предлогот д-р Миодраг Мицајков да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот д-р. Миодраг Мицајков да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија , го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 69 пратеници 1 воздржани.

Констатирам дека д-р Миодраг Мицајков е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија .

Отворам претрес по предлогот Игор Спировски да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот Игор Спировски да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија , го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 69 пратеници и 1 воздржан.

Констатирам дека Игор Спировски е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија .

Минуваме на избор на двајца судии кои се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници , при што мроа да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија , а се предложени од Комисијата на Собранието.

Отворма претрес по предлогот Иџет Мемети да биде избран судија на Уставниот суд на Република Македонија .

Молам, кој бара збор?

Господин Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Ви благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Немав за цел порано да се пријавам за дискусија, но ме поттикнаа за дискусија претходнит енеколку дискутанти. пред нас имаме дневен ред, кој што е многу сериозен. Станува збор за голем орган од посебно значење за Република Македонија , од оваа и предлозите од комисите ги сметам како многу сериозни. Сметам дека нашите дискусии ќе бидат на ниво и не треба да се впуштиме во критики, кои што имаат само политичка позадина, поради разни цели. Критиките на сметка на господин Мемети не се еднострани, тенденциозни, субјективни и за цел имаат деградација на неговата личност. Но, за среќа јавноста во Македонија ја познава личноста и дејноста на господинот Мемети. Тој од професионален аспект се докажал и за една работа и во ова Собрание доби, навистина повелба за неговата професионалност. Граѓаните на Република Македонија беа информирани за заканит екој што ги имаше тој како бивш министер и длабоко сум убеден и јавност аи вие почитувани пратеници дека тоа сте го сметале и го знаете дека тоа биле целите за негово клекнување, но за среќа на сите , тоа не се случи . Господин Мемети на професионален и морален начин има авторитет не само кај албанското население, туку и кај другите. Тоа е еден предлог кој што треба да се подржи. Ние ги подржуваме предлозите и ќе гласаме за нив.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на дискусијата.

Нема никој друг повеќе за збор и можам да го заклучам претресот.

Го заклучувам претресот и предлогот Иџет мемети да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија , го ставам на гласање.

Ги повикувам сите да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите гласале за.

Ве молам од оние пратеници кои се изјасниле дека припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство, заради поедноставна процедура да гласате со кревање на рака.

Ве молам, кој е за?

Природно е дека гласале , меѓутоа, дали се присутни треба да видиме дали има 18 гласови.

Од вкупниот број пратеници кои се изјасниле дека припаѓаат на заедниците, гласаа 19 пратеници.

Ве молам да пребројувате и во пратеничката група на СДСМ, има припадници на заедниците до крај на редовите ког агласаме поединечно.

Констатирам дека Иџет Мемети е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија .

Отворам претрес по предлогот д-р Зоран Сулејманов д абиде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија .

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ;

Благодарам господине претседателе.

Во принцип при избор на судии не учествувам во расправа, меѓутоа, од господинот Аднан Ќахил, професор д-р Зоран Сулејманов беше именично спомнат и интенцијата му беше во две насоки.

Прво, да ја оспори стручноста на овој кандидат.

Второ, да ја оспори припадноста кон турската етничка заедница. Во тоа име пратеникот очигледно, веројатно, постапил по порачка на некој или нема врска од правото или постапува од крајно малициозни побуди, за да оствари само нему познати цели. Трето, нема, а еве зошто.

Професор д-р Зоран Сулејманов, се извинувам, ќе ви одземам малку повеќе време, но , беше предмет и на медиумски анализи, па затоа сум должен нешто да појаснам.

Зоран Сулејманов е роден во 1953 година во Битола. Основно училиште и гимназија завршил во Ресен, а во 1976 година дипломирал на Правниот факултет во Скопје како втор студент од својата генерација со средна оценка 8,48. Во Институтот за социјалошки, политички и правни истражувања работи од 1976 година. Во 1990 година на Правниот факултет во Скопје ја одбранил докторската десертација, а во

1997 година се стекна со највисокото научно звање, научен советник. Д-р Зоран Сулејманов е избран и во највисокото наставничко звање, редовен професор по предметите криминологија, пенологија, криминална политика и социјална патологија. Во Институтот бил вклучен во реализација на бројни научни и стражувачки проекти, не сакам да ги именувам 14 или 15 на број. Професор д-р Зоран Сулејманов држи настава на пост дипломските студии на Институтот по предметите криминална политика и социјална патологија, а на пост дипломските студии на Институтот за социјалогија при Филозовскиот факултет во Скопје по предметот криминологија.

Овиер аботи ги спомнувам, затоа што имаше во Дневник од страна на еден Штипски адвокат една теза дека е анонимен правник. Д-р Зоран Сулејманов е избиран и за член на комисии за одбрана на докторски и магистерски трудови, а во изминатиот период бил и ментор на повеќе такви одбрани.

Од другите научни општествени активности, сметам дека ќе биде доволно да го истакнам само следново. Со свои научни прилози и интервјуа се појавувал и во нашиот дневен и неделен печат , на телевизијата и на соодветни научни трибини. Покрај тоа, секогаш ги прифаќал поканите од страна на разни комисии и тела, кои се обраќале до институтот или лично до него за давање на научно и стручно мислење на определени кривично-правни, криминолошки,криминално политички, социјално-патолошки и пенолошки проблеми. Од 1983 година бил член на Претседателството на Здружението за пенологија на Македонија, а од 1987 до 1989 година и претседател на тоа здружение. Со решение на претседателот на Владата на Република Македонија од 1982 година е именуван за член на Комисијата за условен отпус при Министерството за правосудство за периодот од 1992 до 1994 година. Со Решение на министерот за правда од 1995 година е избран за член на Комисиајта за реформа на казненото законодавство и на подкомисиајта за изработка на Законто за извршување на санкциите. Со Одлука на претседателот на Република Македонија од 1995 година е именуван за член на Комисиајта за помилување за претседателот на Републиката. Во периодот 1996-1997 година Сулејманов работел како помошник на министерот за правда за извршување на кривични санкции и помилување. На таа должност успеал да ги среди состојбите по бунтот од 1995 година во Казнено-поправниот дом Идризово, да промени низа негативни состојби во останатите казнено-поправни установи, да го усоврши правоиспитниот процес во нив и да внесе низа новини во извршувањето на санкциите во согласност со европските стандарди од оваа област. Во својство на помошник на министерот за правда беше именуван и за заменик на претседателот на Комисиајта за услвоен отпус при

Министерството за правда. Со одлука на Владата на Република Македонија Сулејманов беше определен за едн од главните членови на меѓуресорската работна група за утврдување на компактибилноста на домашната легислатива со принципите и стандардите вградени во Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи.

За оние на кои тоа не им е познато, со Извештајот на оваа работа група нашата држава беше примена за членка на Советот на Европа. Со Одлука на Владата на Република Македонија од 4.11.1996 година беше определен и за член на меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дрога.

Од почетокто на 1998 година господинот Зоран Сулејманов повторно го активира својот работен однос во Институтот , каде е раководител на Центарот за кривично право и криминална политика и претседател на научниот совет. Бил учесник на бројни научни советувања и т.н.

За крај, она што можеби требаше да го истакнам на прво место е дека проф.д-р Зоран Сулејманов е нашиот најплоден автор од областа на кривично-правните науки. Тој е човекот што кога и да е на нашите простори, а експертите тврдат и во Европа, објавил намногу трудови во областа во овие правни дисциплини. Станува збор за околу 100 научни трудови, од кои 21 се обемно научно-истражувачки студии и учебници. На господинот Аднан Ќахил, сакам да напоменам, да не извлекува заклучок за национална припадност по името на човекот. Само да го потсетам дека татко му се вика Зија и дека името на некого е плод на договор помеѓу брачниот пар. Меѓутоа, самиот е Турчин, се изјаснува како Турчин и татко му се вика Зија.

Благодарам на вниманието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги молам сите учесници во расправата правото на национално изјаснување, според нашиот Устав е приватно и загарантирано и не може да дебатираме за тоа. Кој како се изјаснил, тоа е. Да не го дебатираме тоа нема никаква логика.

Има збор господинот Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ќе почнам од она што вие рековте дека секој се изјаснува на кој начин ќе се изјасни, тоа е приватно право да биде што е и мислам дека станува тука практика дека се наметнуваат зборови кои не сум ги кажал.

Јас во ниеден момент не кажав, еве и сега јавно кажувам, ниту се сомневам, ниту сакам да прашам како господинот Зоран Сулејмани е изјаснет. Дали е Турчин, или не е Турчин. Во ниеден момент нема да спомнам, ниту сакам тоа да кажам, бидејќи тоа е спротивно на моите принципи. Јас само реков дека се бира судија на Уставен суд од заедниците. Покрај тоа што треба да биде Турчин, или не мора, треба да биде судија, бидејќи тој е учен човек кој придонел беграунд за оваа заедница, за турската заедница многу помогнал. Бидејќи со постојните законски процеси во Македонија постојат национални партии кои ги истакнуваат потребите за национално определување и покажуваат некои потреби од тие заедници кои се укажуваат во одредени моменти во Република Македонија. Не сакам да се имплементираат, изгледа дека некој мене ми наметнува за некого да критикувам, впрочем, како што ми рече господинот Хасипи имало медиумска кампања, не баре дека и јас на медиумите сум им рекол таа кампања да се води против него. Тогаш јас сум многу моќен човек штом можам да нарачам кампања против дотичната лижност. Јас само сакав да кажам дека треба при избор на судија во Уставен суд каде во минатото и сега ќе дојдат на дневен ред проблемите кои ги тангираат Турската заедница. Треба да бидеме внимателни во изборот на таков човек. Треба да бидат консултирани сите релевантни фактори и позиција и опозиција за да го добиеме најквалитетниот човек во одреден момент. Јас овој момент тврдам и стојам на становиште дека тоа не е најдобро решение за Турската заедница. Јас реков и можам поименично да набројам судии кои се многу со подолг стаж, а се бара судија на Уставен суд, а еве ќе ви кажам едно име Ведап Вели е долго време судија на Апелациониот суд и судел долго време и сигурно ги има тие квалитети за судија, поголеми од Зоран Сулејманов, да не зборувам за други истакнати правници кои придонеле за заедницата. Јас ќе ви кажам еден пример. Во минатото во Центар Жупа и Реканскиот дел кога требаа тие луѓе да учат турски јазик да се учи, сегашниот состав на Уставен суд го оспоруваше, велејќи дека тие луѓе не го познаваат турскиот јазик, немаат соодветни имиња и тие не можат да учат турски јазик. Јас прашувам каде беше тој истакнат правник да дојде во Уставен суд да ги брани интересите тогаш и во дадени моменти и кога требаше таквите стручњаци да ги бранат заедниците, да ги бранат егзестенцијалните потреби за правно толкување, за уставно толкување, за одбрана на заедниците го немаше. Човекот е тотален анонимус во однос на турската заедница, не им помогнал а се сомневам дека во иднина ќе помогне. Јас само сакам да потенцирам дека јас никогаш не оспорувам кој како се изјаснил, тоа е негово лично право, што длабоко го почитува, но треба да

помогне на оваа заедница затоа се бира и се бара и мојот глас вклучително. Ако се бира по стручност, нека се избира по стручност, без префиксот Турчин, Албанец или било кој.

Господинот Зоран Сулејманов според неговите квалитети, според мислењето на позицијата, тоа е право и обврска на позицијата да ги избира тие луѓе, нека го изберат и нека ги сносат и позитивните и негативните процеси од тој избор.

Сакам на крајот да потенцирам дека јас нема да гласам за овој предлог, бидејќи повторно сум на мислење дека Турската заедница во Република Македонија има поистакната правници во сите сфери на правно делување дека имаше подобро решение од господинот Зоран Сулејманов.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, само една работа да разјасниме. Ние овде не бираме судии на Уставен суд да ги штитат интересите на некоја заедница во Уставен суд. Тие судат според Уставот кога донесуваат одлуки, без разлика на која заедница припаѓаат. Тоа не значи дека Српската заедница нема кој да ја штити во Уставен суд ако нема свој претставник, или ромската. Сите 9 судии ги бираме за да ги штитат интересите на сите граѓани. Да не добиеме погрешен впечаток само дека судиите се избираат таму за да ја штитат својата заедница. Си има Устав и Деловник на Уставниот суд врз основа на кој тие ги штитат интересите на сите граѓани. Не значи нечие претставување дека другите заедници нема кој да ги штити. Напротив.

АДНАН ЌАХИЛ:

Мислам дека или јас не можам добро да објаснам или некои работи ги вадите од контекст. Според позитивните прописи во Република Македонија има национални партии кои едноставно ни кажуваат проблемите кои ги имаат тие заедници во Македонија. Јас не велам дека другите судии нема да ги застапат интересите на граѓаните, односно на сите граѓани на Република Македонија. Но, спецификите кои можат да произлезат и произлегуваат од тоа што има заедници во Република Македонија и на начинот што се бираат велиме дека треба да бидат тројца од заедниците, би требало да биде човек кој ќе биде застапен, односно ќе ги застапува интересите на Турската заедница. Впрочем, кажав во минатото вакви случаи имавме каде што некои судии не ги застапуваа интересите на Турската заедница, па мораше тогаш да интервенираме.

Јас повторно повторувам дека би требало да бидат избрани судиите како судии, без тие префикси од заедници итн. Но ако веќе се бираат и се имплементира Охридскиот договор од Уставот во амандманот ЏИ каде изрично кажува дека правична, односно еднаква застапеност во сите инстанци од соодветните заедници, мислам дека придонесува и треба да биде застапено начелото за избор на судии во Уставниот суд. Не велам дека дотичната личност или другите нема да ги застапуваат интересите на другите заедници, вклучително и на Турската заедница, но спецификите налагаат дека треба да има еден од Турската заедница, кој ќе ги разбере, кој ќе ги образложи и во крајна инстанца во даден момент ќе ги брани интересите на таа заедница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Заклучувам дека одлично ве разбрав првиот пат меѓутоа, немаме исто разбирање за законите и Уставот на Републиката.

Има збор г. Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ;

Ќе бидам краток, мило ми е што не се спори научниот опус на предложениот кандидат.

Втора работа барем ние како партија немаме намера да предлагаме кандидати да го повлечеме од една позиција, да го предложиме за друга позиција. Сакам да речам дека доколку имаме, а сигурно дека имаме и други истакнати правници, ќе ги задржиме за други позиции, кои во иднина ќе бидат на дневен ред на оваа Собрание, бидејќи со тоа ништо не сме направиле, само прелеваме од “шупло во празно”.

Ние сакаме и имаме тенденција, доколку постои политичка волја на сите нивоа на судството да имаме претставници, кои што ќе ги штитат интересите вкупно на граѓаните на Република Македонија, меѓу нив и на Турската етничка заедница. Според тоа, не спорам дека има и други правници, меѓутоа, не е редно и не е фер да се оспори кандидатурата на еден од кандидатите, кои што според ова што го има како опус, можеби е еден од најдобрите кандидати во оваа група.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Нелко Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Од сите предложени кандидати за членови на оваа висока институција, најмногу го познавам г. Сулејманов. Имам чест и задоволство повеќе од 25 години да соработувам со професор Сулејманов и како резултат на таа наша заедничка соработка имаме и еден универзитетски учебник заедно издадено. Неговиот опус е навистина голем, ова што го спомна пред малку колегата Хасипи е импозантен, јас само ќе спомнам неколку научни трудови и книги, тоа се: Кривично правна помош, Пенологија која има втора изменето издание, Македонска криминологија, Криминална политика, Кривично право овде, Кривично процесно право, Убиствата во Македонија, Коментар за извршување на кривичните санкции итн., тоа се книги со неколку стотици или повеќе стотици страници, и кога би ги наредиле вака би дошле навистина импозантни тие дела.

Ова го кажувам бидејќи за таа функција за која што треба да биде избран човек кој што има одредени теоретски капацитети да може да го знае Уставот да го применува, без оглед по малку што беше полемика, мислам дека е беспредметна, тој треба да го штити Уставот, да го применува, да се грижи за него, без оглед од која заедница потекнува. Мислам дека тој е вистинскиот човек што треба да биде избран на тоа место. Во таа мислам навистина препорачувам да гласаме за овој кандидат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Јас едноставно, зедов збор да кажам неколку реченици, бидејќи се работи за мој сограѓанин.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам г. Љупчо Јордановски веднаш да се врати во салата зашто тој е предлагач во име на Комисијата на петте кандидати, меѓу кои и Сулејманов.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Со професорот доктор Зоран Сулејманов заедно другарувавме, заедно растевме и се образувавме. Еден прекрасен човек и оваа биографија што ја

презентираше така добро мојот колега, ако не е доволна да каже за неговиот лик и дело, тогаш, јас не знам што е друго.

За овие над 90-тина трудови, кажува колку бил трудољубив, работлив и како одговорен на сите работни места, а тука се наброени на број многу. Бидете сигурни дека тогаш во тоа време немаше ни политички партии, не се делевме тогаш ни по национални заедници, тврдам дека и политички независен во буквална смисла на зборот е професор доктор Зоран Сулејмановски, онака како што му доликува на еден вистински независен судија на Уставен суд.

Јас мислам дека оваа е само една круна, една награда на досегашната негова работа, кога се наоѓа во неговите најзрели години да може уште многу да даде во судството на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот доктор Зоран Сулејманов да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 65, еден против.

Преминуваме на гласање на пратеници кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ве молам кој е за да крене рака.

Гласале 21 пратеник и сите гласале за.

Констатирам дека Зоран Сулејманов е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Кандидатите за судии на Уставниот суд, што ги предложи Републичкиот судски совет се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес по предлогот Трендафил Ивановски да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот.

Предлогот Трендафил Ивановски да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 68, 2 воздржани.

Констатирам дека Трендафил Ивановски е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Александар Бошњаковски да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот.

Предлогот Александар Бошњаковски да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 14.

Констатирам дека Александар Бошњаковски не е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Од Кабинетот на г. Трајковски сум известен дека тие го сфаќаат Уставот и Деловникот дека нема потреба како предлагачи да присуствуваат во процесот на предлагање на двајца судии и заради тоа тие двајца судии нема да ги гласаме се додека предлагачот не дојде лично, или овласти претставник, да може да се одвива процесот на дебата и гласање по нивниот предлог. Кога ќе одлучат да пратат претставник, тогаш ќе се вратиме на дневниот ред.

Третата точка ќе ја продолжиме во 15,00 часот согласно договорот.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за помилување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлгот на Законот, мислењата на Владата, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г. Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во името на групата пратеници предлагачи, би сакал да ги образложам причините заради кои ги поднесуваме предлог измените на Законот за помилување.

СДСМ јасно и недвосмислено во својата платформа најави борба против корупцијата и организираниот криминал.

СДСМ заедни со своите коалициони партнери от Коалицијата за Македонија заедно за таквите цврсти определби со понудените кандидати доби огромна поддршка од електоратот. Таквата поддршка за избраните пратеници и именуваните функционери е императив да се води грижа за функционирање на правната држава, правна еднаквост и правна сигурност. Затоа, не треба никого да чуди, легитимната заложба на пратениците на СДСМ за оневозможување на секој обид за прикривање или ослободување на лица, за кои постои основано сомневање дека се сторители на кривично дело.

Парламентарното мнозинство и Владата се избрани и имаат четири годишен мандат да обезбедат функционирање на правната држава.

Инструментот помилување, согласно Уставот и законите, претседателот на Република Македонија може да го употреби по два различно со закон предвидени постапки.

Прво, помилување откако се поминати неколку инстанци и одредена процедура, молба, суд, министер за правда. Или директно, односно по исклучок само со својот потпис, кој досега уште не го видел.

Во досегашната историја претседателите го користеле првиот механизам и тука не е ништо спорно. Инструмент кој и натаму треба да остане во рацете на претседателот на Република Македонија, без да се редуцираат или загрозат правата на претседателот на помилува некое лице.

Но, на 7 април 2003 година претседателот на Република Македонија го употреби, или злоупотреби членот 11 од Законот за помилување и ги помилува лицата Доста Димовска, поранешен министер за внатрешни работи, а во тој момент директор на Агенцијата за разузнавање и Александар Цветков, поранешен началник на Петтата управа, а во тој момент само обичен граѓанин на Република Македонија. На тој начин оставајќи ги за цел живот обележани како сторители на кривично дело преслушување, без да им даде шанса да се бранат да ја докажат својата невиност, а притоа, оневозможувајќи го и судот и другите надлежни органи да соберат податоци, факти, важни за одлучувањето.

Претседателот ги употреби одредбите од членот 11 каде се вели: “Претседателот на Републиката, по исклучок може да дава помилување и без спроведување на постапка за помилување пропишани со овој закон, кога е тоа од интерес за Републиката, или кога има посебни околности што се однесуваат на личности, кривичното дело укажуваат дека тоа е оправдано.

Претседателот на Република Македонија, во своето обраќање во Собранието, образложувајќи ги причините и мотивите кои го навеле да постапи така како што постапил има две нишки, кои само одат во прилог на оваа наша иницијатива и ја потврдуваат исправноста на нашиот предлог. Првата, каде по негово кажување, се става во улога на истражен судија или обвинител, па цитирам: "Имено, во текот на постапката не беа понудени аргументи и факти, врз кои ќе се потпира основаното сомнение дека тогашниот министер за внатрешни работи го наредил прислушкувањето на лицата наброени во обвинителниот предлог" (завршен цитат). И втората, се задржува единствено на личноста и делата на госпоѓица Доста Димовска, пред се како директор на клучно безбедносна установа, без притоа да даде аргументи кои се интересите на Република Македонија и кои се безбедносните мотиви да се помилува и лицето Александар Цветков, во тој момент, како што реков, обичен граѓанин лице кое не е ништо во безбедносниот систем во Република Македонија. Намерата е сосема јасна да се избегне судската постапка спрема обвинетиот Александар Цветков, која можеби на виделина и на површина ќе projави и поголеми и позначајни имиња од самата Доста Димовска.

Затоа, длабоко сме убедени дека злоупотребена е нормата на член 11 и ослободени се од било какво гонење сторителите на кривично дело со кое се повредија основните човечки права на многумина наши граѓани, но во исто време се повредија основните принципи на демократија и правната држава на Република Македонија.

Групата пратеници предлагачи на овие измени смета дека претседателот на државата не треба да има правна можност во оваа фаза, односно пред да започне постапката и пред да има правосилна пресуда да помилува. Претседателот на државата не смее да ја суспендира судската власт, со што се оневозможува да профункционира вистинската поделба на законодавна, извршна и судска власт. Мора да се спречат слични потенцијални постапки во иднина.

Претседателот на државата треба и мора да има механизам за помилување во една постапка, согласно закон, и со почитување на една редовна процедура.

Затоа на Собранието му предлагаме да ги прифати предложените измени и на тој начин ќе се овозможи една транспарентна постапка при чинот на помилување и ќе се намалат шансите за злоупотреба на инструментот помилување, кој сепак останува во рацете на Претседателот на државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседтеле, почитувани колеги пратеници,

Би сакал од името на пратеничката група на СДСМ да ги изнесам ставовите и причините за иницијативата за менување на Законот за помилување и бришењето на одредбата од членот 11 на овој закон.

Претседателот на Републиката се предвидува да дава помилување согласно Законот за помилување и согласно одредбите од Кривичниот законик. Постапката во која Претседателот на државата го има ова право е предвидена во Законот за помилување и таа е редовна постапка. Редовната постапка подразбира, од самиот почеток на нејзиното спроведување, со молба од заинтересираното лице, понатаму предмето се проследува до надлечниот суд, кој од своја страна собира релевантни податоци во врска со предметот и истиот го проучува, а понатаму го доставува во Министерството за правда кое понатаму го доставува до Кабинетот на претседателот, односно до Комисијата за помилување.

Исто така, посебно сакам да нагласам дека ова е редовна постапка која ја предвидува Законот за помилување, и е нагласена како итна.

Во расправите на комисиите опозицијата обвинуваше дека со ваквата иницијатива всушност се намалуваат ингеренциите на претседателот. СДСМ смета дека со ваквата иницијатива се спречуваат можните злоупотреби во одлучувањето на Претседателот, а неговите ингеренции остануваат и тоа треба посебно да се нагласи дека постапката која пред малку ја опишав како редовна и итна, сепак останува како право на Претседателот, со тоа што во таа редовна постапка е вклучен и друг независен и самостоен орган како што е судот, чии податоци треба да влијаат на одлуката што евентуално би ја донел Претседателот, да биде што побјективна и поаргументирана, што впрочем е целта на донесувањето на такви одлуки да биде заштитен навистина државниот интерес.

Иако е точно дека во Уставот на РМ постапката на Претседателот за донесување на таквата одлука е формално предвидена и таа произлегува од самиот Устав, сепак во поглед на причините и образложението на конкретната одлука за помилување, сметаме дека таквата негова одлука и таквата постапка е штетна, крајно неморална и директно во спротивност со државниот интерес, кој го бара и

пропишува Законот за помилување, а исто така е спротивна и на интенцијата на уставните норми.

Намерата на СДСМ е со оваа инцјатива да инсистираме на почитувањето на законите во иднина и да влијаеме на спречувањето на евентуална злоупотреба а не да ограничуваме некого во извршувањето на своите функции, бидејќи како што реков, таа постапка и тоа право останува, за да не биде јавноста погрешно информирана од страна на опозицијата, која настојува тоа да го пласира како политич ки аргумент за иницијативата на СДСМ.

Пртетседателот на Републиката нема дискреционо право, кое му овозможува да не дава отчет во чиј интерес тој работи и со тоа да ги злоупотребува законските права, со кои тој неспорно располага. Во услови на парламентарна демократија во Република Македонија, Претседателот на државата и ниеден друг граѓанин не е над законот и тој е должен, како и сите други граѓани, да ги спроведува односно почитува законите, а не да се однесува како монарх и неговата работа да не може да биде изложена на критики и опсервации од јавноста и институциите на системот, како и ова Собрание кое е единствено надлежно како овластен законодавен дом да донесува закони кои ги почитуваат и применуваат сите, па и претседателот на државата.

Секој демократски избран претседател на демократски и слободни избори, кој е избран слободно од граѓаните, велам секој па и нашиот, е долчен да работи за интересите на државата Република Македонија, како што тоа го бара спорниот член 11 кој Претседателот го злоупотреби, и за интересите на истите оние граѓани кои го избрале на слободни избори. Работата на претседателот треба да ја оценуваат сите и не е точно дека законот му овозможува, преку таканаречено измислено дискреционо право, Претседателот да не одговара за неговите одлуки, односно неговите одлуки да не смеат да се коментираат. Тоа не е точно. Напротив, за секој демократски избран претседател на слободни и демократски избори, избран од граѓаните, па и за нашиот Претседател, важи дека има претпоставка дека тој е одговорна личност, штом дошол и штом е избран на таква функција и како одговорна личност ја претставува и штити државата пред се, нејзиниот углед и интересите на сите граѓани. Се поставува прашањето дали овде се заштитени интересите на граѓаните. Напротив, ние велиме дека не се, со донесувањето на таквата одлука, и токму затоа сметаме дека претседателот го злоупотребил законот со донесувањето на ваквата одлука.

Меѓутоа, со донесувањето на конкретната одлука за помилување, СДСМ смета дека натамошната примена на спорниот член 11, по исклучок, значи во забрзана постапка за помилување, бес консултација на судот и Министерството за правда, од страна на нашиот Претседател, при неговото одлучување во евентуални натамошни постапки може да го доведе во прашање функционирањето на правната држава и принципите на владеењето на правото, а со тоа и пречекорување во границите на неговото одлучување, со што се загрозуваат човековите слободи и права.

Со таквите помилувања, евентуални идни помилувања, би се довеле во прашање целите на казнувањето и извршувањето на санкциите, а пред се начелото на генералната превенција. Многу е битно да се напомене дека практиката во овој дел во Република Македонија покажува дека ниту еднаш досега, потенцирам ниту еднаш до сега не е користен овој механизам на член 11, помилување по исклучок во скратена постапка, што практично значи во конкретниот случај ослободување од кривично гонење. Точно е дека имало помилување, но треба да се прави разлика меѓу ослободување од кривично гонење кога лицето е помилувано уште пред да биде обвинето, односно пред да биде осудено и упатено на издржување на казна затвор и институто помилување кој навистина е користен кога лицата веќе биле осудени со правосилни пресуди и кога тие веќе поминале одреден период на издржување на казна затвор, што е многу битна, огромна, значителна разлика во однос на ова што го направи нашиот Претседател, кој практично за прв пат направи негативен преседан и за прв пат направи помилување односно ослободување од кривично гонење во фазата кога лицето сеуште не е правосилно осудено, а сеуште не беше ни отпочната, односно звршена истрагата.

Со таквите евентуални помилувања СДСМ исто така смета и се сомнева отворено, и затоа го поставува прашањето, бидејќи во практиката досега тоа не били случај како што е донесена оваа одлука, како никогаш порано во изминатиот период не бил доведен во прашање државниот интерес, односно никогаш порано во изминатиот период од функционирањето и на претходниот претседател,немало таков случај да биде доведен во прашање државниот интерес и да се посегне о ова право да се ослободи некој уште во претходната постапка пред да биде осуден, од кривично гонење да се ослободи, туку само сега нашиот Борис Трајковски, го пронајде државниот интерес и тоа олицетворен во ликот и делото на Доста Димовска и Александар Цветков. Навистина апсурдно!

Исто така, СДСМ се прашува што се тие двајца толку значајни и посебни. Можеби, уште малку ако не убеди нашиот претседател, навистина ќе го повлечеме законот, а можеби и ќе предложиме некој закон за да им дадеме некое одликување или награда. Значи, ова од своја страна наведува дека сепак се работи за личен интерес, со донесувањето на одлуката за помилување од страна на Претседателот, од кој се раководел претседателот при донесувањето на одлуката, бидејќи државниот интерес во никој случај не може да биде проценката на Борис Трајковски, дека во обвинението против Доста Димовска недостасувале клучните докази, а уште помалку државен интерес може да биде претпоставката на Борис Трајковски, која ја изрече од оваа парламнтарна говорница таквата постапка против Доста Димовска би била пристрасна. Од една страна, претседателот Борис Трајковски не е ниту суд да ги цени доказите, тоа право го има само судот, со што од своја страна прави своевиден упад во судскиот систем што е недозволено за еден претседател, сериозен и угледен претседател, а уште помалку претседателот Борис Трајковски е видовит пророк кој предвидел дека судската постапка би била пристрасна, а притоа не може однапред да прејудицира судска постапка, како ќе се одвива и од страна на кого ќе биде водена, кои докази таму ќе бидат прифатени, отфрлени од страна на судот како единствено мериторен и надлежен да цени докази во судска постапка. Или, ако сакате поинаку, за да се види апсурдноста и контрадикторноста на одлуката на Претседателот, апсурдноста и контрадикторноста со неговото обраќање во Парламентот, кога се обиде да ја одбрани, да одбрани нешто што не се брани, ќе го поставам прашањето. Зошто кога ги немало клучните докази фрла сомнеж врз помилуваната Доста Димовска како невинад и не остави на судот, кој е единствено надлежен самиот да ја констатира нејзината невиност. Тоа е прашањето.

Понатаму посебно карактеристично од обраќањето на Претседателот Борис Трајковски во парламентот при одбраната на неговата одлука, беше тоа што целото негово обраќање се однесуваше на одбрана само на една од личностите споменати во Одлуката за помилување. Тоа беше Доста Димовска, како за Доста Димовска само да важи државниот интерес, а притоа со истото образложение беше опфатени и Александар Цветков, а во неговото обраќање воопшто не се обиде да го одбрани Александар Цветков, а со одлуката го помилува. Веројатно негов пропуст во образложението, меѓутоа, наш впечаток е дека нема аргументи за тоа, па не го ни сторил. Кој е тој обичен службеник - СДСМ го поставува прашањето - да биде

олицетворение за државниот интерес или која е таа пијана жена која во сообраќајна несреќа усмрти човек за да биде помилувана под плаштот на државниот интерес од страна на Претседателот Борис Трајковски.

Почитувани пртеници, СДСМ не крие дека поводот и мотивот за ваквата измена на Законот е конкретната одлука на претседателот Борис Трајковски и ние тоа го кажуваме. Бидејќи СДСМ има основани индинции и основани сомневања дека и други членови, пред се велам од ВМРО-ДПМНЕ, кои се сомневаме дека се евентуални или потенцијални сторители на други кривични дела, се наоѓаат на листата на чекање на Претседателот Борис Трајковски, затоа ја поднесуваме оваа ининцијатива и тоа не го криеме, туку јавно го соопштуваме.

Затоа СДСМ како секој одговорен политички фактор кој ја има довербата и го има мнозинството во Собранието е должен навремено и ефективно да реагира на овој начин и да спечи евентуални можни злоупотреби, со што би се прекршиле човековите слободи и права, а оние кои се сомневаме дека се потенцијални сторители на кривични дела да им се овозможи преку овој институт и преку Борис Трајковски да ја избегнат правдата и да го избегнат судот. Повторувам, не е ова ограничување на правото на Претседателот, Претседателот доколку смета за некои идни случаи дека има државен интерес или има околности кои ќе влијаат таква одлука за помилување да биде донесена и дека личноста на тие сторители, евентуални, на кривични дела и околностите ја прават таквата одлука оправдана, Претсдателот може слободно да ја искористи редовната постапка и во сорботка со судот и Министерството за правда, ако навистина има таков случај, да го покаже државниот интерес и да донесе таква одлука. Значи, редовната постапка на Претседателот одстанува.

Исто така, СДСМ отворено кажува дека мотивот за ваквата иницијатива за бришење на членот 11 е спречување евентуално и други да ја избегнат правдата, како што тоа го направи Доста Димовска, но истовремено ја прашува опозицијата и таа да го каже својот мотив, поради што толку цврсто и толку одлучно ја бранат ова одлука на Борис Трајковски.Нашата претпоставка или нашето сомневање е дека оние што ја бранат или дел од тие од опозицијата што ја бранат ваквата одлука, исто така, всушност, и самите се надеваат дека можеби Борис Трајковски ќе донесе таква одлука и за нив.

Исто така, СДСМ смета дека оставката на помилуваната Доста Димовска е политички блеф и политичка фарса, бидејќи тоа всушност ја покажува апсурдноста на образложението на Пртетседателот дека ја штител, како што

рече тој, институцијата како државен интерес, а всушност ја помилува личноста која била на чело на таа институција. Сега со чинот на оставката личноста си заминува, а институцијата останува и институцијата може и мора да функционира без таа личност и без секоја друга личност, бидејќи институцијата е од интерес за државата, а не личноста. Значи, со оставката всушноста на површина останува или излегува личниот интерес од кој претседателот Трајковски бил мотивиран за помилување на конкретната личноста Доста Димовска, односно спасот на Доста Димовска од судирот со правдата и судот.

Исто така, СДСМ смета дека иако Доста Димовска е спасена за конкретното кривично дело, кое се претпоставува дека го сторила, за прислушкувањето, сепак, СДСМ се сомнева и отворено се сомнева дека сепак нејзин наредбодател за прислушкувањето бил поранешниот премиер и поранешниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Љубчо Георгиевски.

Помилуваната, иако била своевремено прв човек на Министерството за внатрешни работи која како институција располага со такви средства за прислушкување и непосредно раководи и управува со органот и службата во Министерството, сепак таа како министер во Владата на Република Македонија хиерархиски, а и во однос на нејзината тогашна функција во партијата ВМРО-ДПМНЕ исто така хиерархиски во однос на тогашниот премиер Љубчо Георгиевски била во подредена позиција, а овој од своја страна бил во можност да врши влијание врз неа.

Сепак, на крајот ќе кажам дека ова отворено сомневање кон поранешниот премиер Љубчо Георгиевски како наредбодавател за прислушкувањето неопходно потребно е да се докаже, се разбира и потврди во една соодветна законска процедура со докази пред соодветни институции и СДСМ верувајте ќе настојува, доколку постојат такви докази, да помогне во нивното пронаоѓање и да го расветли случајот. Иако Доста е спасена за ова кривично дело доколку има други виновници, доколку тоа се докаже, СДСМ сака да помогне и да настојува на сите виновници да им суди судот, а не да ги помилува Борис Трајковски.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Јас се пријавив веднаш по излагањето на предлагачот, барав деловничка интервенција.

Врз основа на член 79 од Деловникот на Собранието на Република Македонија од името на пратениците на ЛДП барам пауза од 30-тина минути за дополнителни консултации.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Претседателе, процедуралната забелешка е упатена до вас. Имено, забелешката се состои во тоа што вие не реагирате навремено кога некој од претставниците на предлагачите на овој закон го злоупотребуваат моментот образлагајќи го Предлогот на законот да искористат да полемизираат со ставовите на Претседателот на државата, кои произлегуваат од неговото обраќање пред Собранието на Република Македонија пред неколку дена.

Имено, според членот 85 од Уставот на Република Македонија во обраќањето на Претседателот на државата, пратениците немаат право на дискусија и на полемика во врска со обраќањето на Претседателот. Ова е можност кога тие наоѓаат една малициозна прилика да полемизират со неговите ставови и ве молам во иднина да ги спречувате таквите на стапи на претставниците на предлагачите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине Краљевски.

Вашата процедурална забелешка, за жал, не можам да ја прифатам. Претседателот на Републиката имаше обраќање во Парламентот и тогаш, за разлика од порано, како што го толкувате тој член, не дозволивме да се води дебата по неговото излагање. Во некои други времиња поинаку се толкуваше таа одредба, па се водеше дебата.

Меѓутоа, јас не можам да спречам пратеник да коментира јавно изнесени ставови на било кој политичар во Република Македонија ако е во контекст на точката на дневен ред, а ова е во контекст.

Не ви ја прифаќам забелешката и давам пауза од 30 минути.

(Неколку пратеници бараат процедурално)

Процедурално по паузата во 12,30 часот.

(Седницата прекина во 12,00 часот)

(Пауза од 12,00 до 12,45 часот)

Ве молам да продолжиме со работа.

Со оглед дека е воспоставена вообичаена практика тој што побарал пауза, ако сака може да се обрати. (Не)

Благодарам.

Господинот Андов бара процедурално.

СТОЈАН АНДОВ:

Претседателе, барам процедурално да се изјаснам во име на пратеничката група како ќе постапиме.

Ние целата оваа работа ја мислиме и ја оценуваме како несериозна, неодговорна и непромислена. Мислиме дека таа води кон натамошно заострување на односите меѓу институциите, а основна цел е да наметне власт врз сите сегменти кои припаѓаат или не припаѓаат на Владата, а од друга страна да го оттргнат вниманието од секојдневното поскапување и на струја и на лекови и на сите потреби на граѓаните, затоа Пратеничката група на Либералната партија во ваква забава од ваков карактер нема да учествува во работата по оваа точка.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Макрадули процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Како еден од предлагачите и координатор на Пратеничката група на СДСМ за да ја информирам Пратеничката група, барам пауза од 30 минути.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пауза од 30 минути?

Ве молам, ќе дадеме пауза до 13,30 часот, 45 минути, а потоа ќе продолжиме без пауза до 17,оо часот. Ќе ни останат уште четири саати за работа.

Овие две паузи од час и половина, (негодување од страна на пратениците). Ако друг бара пауза, имате право по Деловникот. Што да правам јас. Може секој да бара. Продолжуваме во 13,30 часот, а потоа без пауза.

(Седницата прекина во 12,50 часот)

(По барање на предлагачот на паузата, паузата од 13,30 часот е поместена на 14,00 часот)

(Седницата продолжи со работа во 14,25 часот)

Продолжуваме со работа.

Од овие што бараа пауза?

Има збор господинот Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Да го изнесам ставот на Либерално - демократската партија, односно од претставниците односно парламентарците од нашата партија.

Борбата против корупцијата и организираниот криминал не само што ќе продолжи од страна на ЛДП, туку и ќе се интензивира. Исто така ќе се интензивира и борбата против злоупотребата од страна на Претседателот на државата на сите механизми што тој ги има според Уставот на Република Македонија, односно според законот.

Меѓутоа, поради дополнителни консултации во врска со овој предлог помеѓу колационите партнери, барам од предлагачот да го повлече денешниот предлог.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави Макрадули во име на предлагачите.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе,

Предлагачите од СДСМ тргнувајќи од сопственото убедување дека борбата против криминалот и корупцијата треба да се води со заеднички сили на сите политички субјекти во Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Истовремено очекуваме кој потег нема да го охрабри

Претседателот Борис Трајковски за натамошно злоупотребување на неговото дискреционо право и да не биде лично инструменталзиран во иднина за одредени партиски цели, СДСМ останува на уверувањето дека Претседателот во овој случај не само што ја злоупотреби својата позиција, туку во своето обраќање во Собранието на Република Македонија грубо го дискредитираше судскиот систем, Владата на Република Македонија и сите медиуми и СДСМ останува длабоко убеден дека тој со следните свои потези, се мисли на Претседателот Трајковски, нема да стане кочничар на борбата против корупцијата и криминалот во Република Македонија, кочничар на градењето на правна држава и владеењето на правото и враќањето на кредибилитетот на институциите во земјата.

СДСМ и коалиционите партнери ќе останат цврсти во заедничката борба против криминалот и корупцијата во земјата која има широка поддршка не само кај граѓаните на Република Македонија, туку и кај меѓународните институции.

Затоа, во име на предлагачите и како координатор на СДСМ, го повлекувам Предлогот за изменување на Законот за помилување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Продолжуваме по дневниот ред.

Молам, од страна на Службата да се известат претставниците на Владата на Република Македонија за наредните точки на дневниот ред да дојдат во Собранието на Република Македонија. Тоа се претставници за Законот за Уставот, претставник за Законот за внатрешни работи, за Судскиот буџет и Законот за азил, за да можеме по тие точки да продолжиме со работа.

Процедурално, по редоследот на пријавување, госпоѓа Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Не можам а да не ја констатирам несериозноста во однос на измената на членот 11 од Законот за помилување, односно поднесувањето на измената и повлекувањето ..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Цветанова, ве молам да не зборувате затоа што точката не е на дневен ред.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Во име на пратеничката група сакам да зборувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немате на дневен ред Закон за помилување. Точката е повлечена.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Тогаш бараме пауза од половина час.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара пауза од половина час.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има присутен заменик координатор, ве молам ако барате пауза заменикот координатор тоа да го побара.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Претседателе, во меѓувреме и дадов мандат на колешката.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, имате мандат од заменикот.

Седницата ќе продолжи во 15,оо часот, по барање на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

(Пауза од 14,35 до 15,10 часот)

Можеме да продолжиме со работа.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

По обавените консултации, во рамките на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, дозволете да го изложам нашиот став.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го осудува несериозниот однос на СДСМ како кон Собранието на Република Македонија, така и кон целокупната македонска јавност како предлагач за укинувањето на членот 11 од Законот за помилување.

Не можеме, а да не констатираме дека мотивот за поднесувањето на измената на овој член беше тесно поврзан со актуелната аболиција што сама по себе зборува за дневно - политичката димензија на овој предлог.

Експресната промена на нивниот став што резултираше со уште поекспресното повлекување на Предлогот за укинувањето на членот 11 само ја потврдува дневно - политичката димензија на целиот случај, но и нивниот апсолутно несериозен однос во целата оваа ситуација.

Дозволете ми да ве потсетам само на колку собраниски комисии се дискутираше и расправаше за овој предлог и конлку време и средства чинеа подготовките и одржувањето на истите тие собраниски комисии.

Да не заборавиме дека средствата се обезбедуваат од џебот на граѓаните. Морам да потенцирам дека не ја гледаме врската меѓу укинувањето на членот 11 и борбата против корупцијата и организираниот криминал која ја подржуваме и која треба да се темели на законите што впрочем ги донесовме токму ние.

Од изнесената аргументација, очигледно е дека се работи за хајка против опозицијата или за уште една злоупотреба на Законот и правото во дневно - политички цели.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Инаку, Претседателот на државата ексофицио не е во опозиција, ниту може да биде.

Продолжуваме со Втората точка од дневниот ред.

Има претставник на предлагачот.

Од двајцата кандидати што ги предложи Претседателот на Република Македонија едниот се избира со мнозинство гласови. (Ве молам компјутерот избиришете го целосно што е заостанато за да знаеме)

Господинот Иванов процедурално.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Јас кратко сакам да кажам и добронамерно. Оние кои ги предлагаат законите било од страна на колегите пратеници, било од Владата на Република Македонија, Министерството, прво да ги усогласат тие закони со Меѓународната заедница за да не доаѓаме во една ваква ситуација, Парламентот да го губи својот углед.

Друго, сакам да кажам кога веќе ви е предложен некој закон, ние пратениците долго се подготвуваме. Јас 10 дена ги проучував сите устави на европските држави, консултирав правници од уставно право и се подготвував за една расправа, сега незнам кој ќе ми го надокнади трудот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Продолжуваме по Втората точка.

Од двајцата кандидати што ги предложи Претседателот на Република Македонија, едниот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, а другиот со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Преминуваме на избор на судија кој се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отоворам претрес по Предлогот Мирјана Лазарова-Трајковска да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Молам, дали некој бара збор?

Ве молам повикајте ја госпоѓа Самоиловска да влезе на седница за што нејзиното присуство денеска ги кошта граѓаните на Република Македонија дневници.

Никој не бара збор?

Молам службите да утврдат број на присутни, со оглед на напуштањето на салата од страна на опозицијата.

Во салата има 57 пратеника.

Очигледно дека денеска на дел од пратениците работата во Собранието на Република Македонија им претставува товар, три пати излегуваат и влегуваат во салата во зависност од точките на дневне ред и повеќе бараа пауза, отколку што работиме.

Предлагам, со оглед на присутноста, да не се мачиме до 17,оо часот постојано со кворуми, седницата ќе продолжи утре во 10,оо часот.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,20 часот)